Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 60-та седница одржана на ден 28.01.2022 година ја донесе следната

**Одлука**

Пријавата со број 12 - 2502/1 од 16.07.2021 година, поднесена од познат подносител, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување поради тоа што пријавените дејствија не се активности по кои ДКСК има надлежност за постапување, туку се активности за кои надлежност за постапување имаат други надлежни органи, а предметната пријава ќе ја достави на надлежно постапување на друг орган кој е надлежен да постапува - Претседателот на Основниот Кривичен Суд Скопје.

Предметот со број 12 - 2502/1 од 16.07.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познат подносител, --------- -----------, адвокат од -------, на ден 16.07.2021 година, поднесена е пријава заведена под број 12 - 2502/1 од 16.07.2021 година, по која е оформен предмет со наводи против судија ------- ----------- вработена во Основниот Кривичен Суд Скопје, поради тоа што во текот на 2020 и 2021 година во повеќе наврати во текот на судење по кривичен предмет пристрасно постапувала и ја злоупотребила положбата и заедно со уште еден судски службеик вработен во истиот суд, му овозможиле на туженото лице да ја навредува на судењето јавно во судницата, а поканите не и се испраќале и не и се доставувале Записници за расправата, а исто Пресудата на Апелациониот Суд не и била доставена навреме. Подносителот наведува дека по нејзина интервенција со поднесоци до претседателот и со поднесок од 14.07 2021 година и биле доставени на шалтер нецелосни записници со изговор на службеникот дека судија недозволувал, па смета дека со наведените дејствија биле сторени кривични дела по член 353 од Кривичниот законик, потоа кривично дело за несовесно работење,помагање и прикривање на дејствијата на сторителот со неиздавање на покани за расправи.

При разгледувањето на доставената пријава, ДКСК утврди дека пријавените дејствија не се активности по кои ДКСК има надлежност за постапување, туку се активности за кои надлежност за постапување имаат други надлежни органи, по што оцени дека ДКСК нема надлежност за постапување во предметниот случај, а доставената пријава ќе ја достави на надлежно постапување на друг орган кој е надлежен да постапува односно, на надлежно постапување на Претседателот на Основниот Кривичен Суд Скопје. Имајќи го предвид наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Биљана Ивановска**

Доставено до: Подносителот
Изработил: Ј.Ц. Одобрил: С.П.Д. Член на ДКСК